Врз основа на член 78 став 1 точка к) од Законот за извршување(„Службен весник на РМ“ бр.72/15, 142/16, 233/18 и 14/20) Управниот одбор на Комората на извршители на РСМ на 224-та седница одржана на ден 18.11.2021 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-510/14-2
18.11. 2021 год.
СКОПЈЕ

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Постапката за обезбедување на побарувањата е во надлежност на судот. Судот е надлежен како за определување на привремените мерки како средствата за обезбедување на побарувањата, така и за нивно спроведување. Извршителот не е надлежен да спроведува извршување на судски одлуки со кои се определени привремени мерки како средства за обезбедување на побарувањата.

*Образложение*

Видно од доставените прилози кон барањето за правно мислење, евидентно е дека постои различна пракса во постапувањето на судовите и извршителите кога станува збор за спроведување на средствата за обезбедување на побарувањата, во конкретниот случај спроведување на привремените мерки. Од доставените прилози може да се забележи невоедначена судска практика на одделни основни и апелациони судови во поглед на прашањето кој е надлежен да ги спроведува привремените мерки, но исто така, покрај невоедначената судска практика, се забележува и различно постапување на извршителите по поднесени барања за извршување на судски одлуки со кои се определува привремена мерка, при што некои извршители по таквите одлуки спроведуваат постапка за присилно извршување, а некои извршители одбиваат да постапуваат по такво барање за извршување, повикувајќи се на одредби од Законот за обезбедување на побарувањата според кој надлежни за спроведување на привремените мерки се судовите.

Иако законските правила што го уредуваат прашањето во однос на надлежноста за определување и спроведување на средствата за обезбедување на побарувањата се сосема јасни и како такви не би требало да предизвикуваат проблеми во нивната практична примена, сепак, имајќи ја во предвид невоедначената судска практика, како и практиката на постапување на извршителите во вакви случаи, како сосема оправдана се наметнува потребата од давање одговор на прашањето кој е надлежен за спроведување на привремените мерки, дали судовите или извршителите?

Генерално, имајќи ги предвид различните правозаштитни цели на извршната постапка, во нејзини рамки се разликуваат две посебни постапки: 1) постапка за извршување и 2) постапка за обезбедување на побарувањата. Овие постапки се разликуваат како во однос на претпоставките, така и во однос на правните последици од нивното спроведување.

Извршната постапка по правило се спроведува тогаш кога во една претходна, когнициска постапка (постапка на пресудување), како што се парничната, вонпарничната, кривичната, управната постапка, на несомнен и авторитетен начин, со

извршна исправа е утврдено определено побарување на доверителот, што ја оправдува примената на мерки на присила спрема должникот со примена на кои таквото побарување ќе биде целосно и конечно реализирано.

Од друга страна, постапката за обезбедување на побарувањата се спроведува кога не се исполнети условите да се спроведе постапка за извршување, во случаи кога е потребно со определени мерки на присила да се спречи оневозможувањето или отежнувањето на идното остварување на побарувањето. Мерките на присила со кои се обезбедува побарувањето по својот интензитет и по правните последици се послаби од оние со кои се спроведува извршувањето и по правило имаат провизорен (привремен) карактер и нивното траење е речиси секогаш ограничено на времето додека не се создадат услови за спроведување на постапка за присилно извршување.

Во таа смисла, непосредната цел на примената на средствата за обезбедување на побарувањата не е дефинитивно остварување на побарувањето на доверителот, туку создавање услови за негова идна реализација. Определувањето и спроведувањето на средствата за обезбедување на побарувањата се врши во посебна постапка за обезбедување, што претставува посебен систем на правна заштита во рамките на извршната постапка.

Постапката за извршување и постапката за обезбедување на побарувањата во нашиот правен систем се уредени со два посебни закони, Законот за извршување од 2016 година (ЗИ) и Законот за обезбедување на побарувањата од 2007 година (ЗОП). Како што е познато, до 2005 година постапката за извршување и постапката за обезбедување на побарувањата беше во исклучива надлежност на судовите. Со донесувањето на Законот за извршување од 2005 година се воспостави нова институционална рамка на постапката за извршување со иземање на присилното извршување од судска надлежност и негово доверување на извршителите како лица со јавни овластувања кои го спроведуваат извршувањето. Од аспект на предметот на регулирање, **ЗИ се ограничи само на постапката за присилно извршување заради наплата односно остварување на побарувањата, а постапката за обезбедување на побарувањата и понатаму остана во надлежност на судовите како што е и денес.**

Со Законот за извршување се уредуваат правилата според кои постапуваат извршителите заради присилно извршување на судска одлука која гласи на исполнување на обврска, одлука донесена во управна постапка која гласи на исполнување на парична обврска, нотарски исправи и други извршни исправи предвидени со закон, како и при извршување на брод и на воздухоплов (чл. 1 од ЗИ). Според чл. 3 од ЗИ, надлежен за спроведување на извршувањето е извршителот.

Со Законот за обезбедување на побарувањата се определуваат средствата за обезбедување на побарувањата, начинот на кој тие се определуваат, правилата според кои судот постапува за обезбедување на побарувањата, како и постапувањето на нотарот и постапувањето на извршителот во врска со тоа (чл. 1 од ЗОП). Во смисла на ЗОП, постапката за обезбедување на побарувањата е судска постапка која се состои од два стадиума: стадиум на одлучување, односно определување на обезбедувањето, и стадиум

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
е -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com



на спроведување на обезбедувањето. Откако во првиот когницисκи стадиум ќе се донесе одлука за обезбедување, започнува вториот стадиум во кој се спроведува обезбедувањето, односно се преземаат мерки за спроведување на определеното средство за обезбедување. Во прв степен, постапката за обезбедување ја води и одлуките ги донесува судија поединец, при што со **решение** одлучува по барањето за обезбедување на побарувањето, а со **заклучок** му издава **налог** на службено лице**за спроведување** на одделни дејствија (*arg. ex.* чл. 4 од ЗОП). Според чл. 2 од ЗОП, **службено лице** е лице **вработено во судот** кое непосредно презема одделни дејствија за обезбедување на побарувањата.

Кога станува збор за надлежноста за определување и спроведување на привремените мерки како средства за обезбедување, ЗОП содржи посебен член кој на изричен начин ја уредува месната надлежност на судот. Иако одредбите за определување и спроведување на привремените мерки носат заеднички наслов „Месна надлежност", истите не се одредби само за атракција на месната надлежност, туку истовремено се и одредби за атракција на стварната надлежност.

Според ЗОП, во случај кога не е поведена парнична или друга судска постапка, за **одлучување** по предлог за обезбедување со привремена мерка и за **спроведување** на привремена мерка, месно надлежен е судот што би одлучувал во парничната или друга судска постапка (чл. 30 ст. 1 од ЗОП). Ако е поведена постапка **по предлог** за обезбедување со привремена мерка и за **спроведување** на таа привремена мерка, месно надлежен е судот пред кој е поведена постапка (чл. 30 ст. 2 од ЗОП).

Од цитираните одредби јасно произлегува дека судот е надлежен да ги спроведува и двата стадиума на постапката за обезбедување со привремена мерка: како стадиумот на одлучување, така и стадиумот на спроведување на привремената мерка. Во прилог на ова одат и погоре цитираните одредби од чл. 2 и чл. 4 од ЗОП, каде се предвидува дека судот со решение одлучува по барањето за обезбедување, а со заклучок издава налог на службено лице за спроведување на одделни дејствија, при што како службено лице се смета лице вработено во судот кое непосредно презема одделни дејствија за обезбедување на побарувањата.

Од друга страна, кога зборуваме за надлежноста на извршителот, според ЗИ, извршителот е лице кое го спроведува извршувањето (*arg. ex.* чл. 3 ст. 1 од ЗИ). Извршителот превзема извршни дејствија заради **наплата** на парично побарување (Раздел трети од ЗИ, под наслов „Извршување заради наплата на парично побарување„) и заради **остварување** на непарично побарување (Раздел четврти од ЗИ, под наслов „Извршување заради остварување на непарично побарување") кои се утврдени со извршна исправа. Во таа смисла, извршителот може да превзема само дејствија за **намирување** на побарувања (парично или непарично), кои се утврдени со извршна исправа (судска одлука, нотарска исправа, и сл.), а нема овластување да спроведува извршување на судски одлуки со кои се определува средство за обезбедување на побарувањата.

Како што е и погоре наведено, постапката на присилно извршување се спроведува заради конечно остварување на побарување за кое е одлучено во когнициска постапка. Постапката на присилно извршување не се спроведува заради пружање на провизорна (привремена) заштита. Со средствата за обезбедување на побарувањата, во конкретниот случај, со привремените мерки, се дава привремена заштита, па оттука извршителот нема законско овластување да постапува бидејќи во таков случај не се намирува побарување. Во случај на определување и спроведување на привремените мерки како средства за обезбедување се превземаат соодветни мерки да се обезбеди идното остварување на побарувањето на доверителот и таквите мерки траат се додека не се исполнат условите за спроведување на извршувањето, односно се додека трае потребата од провизорна заштита. Во случај на определување и спроведување на привремените мерки не се превезмаат мерки за намирување на побарувањето, туку мерки кои имаат временски ограничено дејство, кои по правило се состојат од наредби и забрани, и кои се определуваат ако се стори веројатно постоењето на побарувањето и опасноста дека без таква мерка должникот ќе ја осуети или значително ќе ја отеже наплатата односно остварувањето на побарувањето.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, а особено имајќи ги во предвид законските правила предвидени во ЗОП и ЗИ кои на јасен и недвосмислен начин го уредуваат прашањето за надлежноста на судот односно извршителот, може да се заклучи дека определувањето и спроведувањето на привремените мерки како средства за обезбедување на побарувањата е во исклучива надлежност на судот. Извршителот нема овластување да презема извршни дејствија кои ќе значат спроведување на присилно извршување на судски одлуки со кои се определуваат привремени мерки како средства за обезбедување на побарувањата.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател на Управен одбор,
Ванчо Марковски

____________________________

**Ул. Костурски херон бр.66/4 Скопје**
**тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877**
**e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com**